14549

pres-kliping · press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
- 8. 03. 71

### МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ОД СКОПЈЕ НАЈАВУВА

# ИЗЛОЖБИ НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

**Музејот на современата уметност на Скопје, раководејќи се од сè поинтензивното испреплетување на современата архитектура и ликовната уметност, во наредниот период систематски ќе го следи нивниот меѓусебен однос, беше истакнато на неодамнешната јавна дискусија за насоките за дејствување на Музејот.**

Преку изложби на современата архитектура и на нејзината синтеза со ликовните уметности, Музејот има за цел да ја прикаже нивната историска, еволутивна и актуелна положба, свртувајќи го вниманието кон обликувањето на вонградскиот простор и неговото хуманизирање.

**Беше истакнато и тоа дека Музејот уште повеќе ќе ја продлабочува и проширува соработката со стопанските организации, фабриките, Стопанската комора и со институциите и институтите за индустриско обликување кои постојат во Југославија.**

Во таа смисла најавените изложби на индустриски дизајн кои ќе претставуваат основен предуслов за формирање на вкусот на потрошувачите и услов за пласирање на самиот индустриски производ, се една од многубројните поцелосни зафати на Музејот во наредниот период.

**Затоа систематизиранаta програма предвидува од оваа област на современата естетика да се организираат изложби на индустриски обликувани производи, на уникати, студиски и експериментални богато документирани изложби од историски карактер.**

Со формирањето на малата изложбена галерија на врвни реализации од областа на индустрискиот дизајн во Музејот, ќе биде пополнета и онаа празнина која досега се чувствуваше во ликовниот живот на Скопје и Републиката.

**П. Бакевски**